Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

**Број: 04-110/8**
**Датум:16.01.2024 година**

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Државниот секретар на Министерството за транспорт и врски донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по Интерен оглас 03/2023 за унапредување на административни службеници во Министерството за транспорт и врски**

1. Кандидатот **Марија Спасова**, по пат на интерен оглас број 03/2023 се избира за работно место **УПР 01 01 В01 000 Советник за ИПА мониторинг** во Одделение за ИПА мониторинг во Сектор за Инструментот за претпристапна помош од ЕУ (ИПА)- 1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 03/2023 со број 04-110/6 од 15.01.2024 година.

3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на добиено Известување број 18-3399/2 од 17.03.2023 година, број 18-3399/4 од 23.05.2023 година и бр.18-13356/2 и 18-13357/2 од 06.12.2023 година од Министерството за финансии, Државниот секретар упати Барање со број 04-6008/1 од 19.12.2023 одина за отпочнување на постапка за унапредување на 2 (два) административни службеници во Министерството за транспорт и врски. На ден 21.12.2023 година на веб страната на Министерството за транспорт и врски и на веб страната на Агенцијата за администрација беше објавен Интерен оглас број 03/2023 за унапредување на 2 (два) административни службеници во Министерството за транспорт и врски.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници од страна на Државниот секретар беше формирана Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана со Решение со број 04-110/1 од 09.01.2024 година.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Комисијата направи административна селекција на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за транспорт и врски за што состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 03/2023 за унапредување на административните службеници со број 04-110/2 од 11.01.2024 година.

По спроведеното интервју Комисијата состави Записник од спроведување на интервјуто број 04-110/5 од 15.01.2024 година и изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 03/2023 со број 04-110/6 од 15.01.2024 година.

Врз основа на ранг листа, Државниот секретар во Министерството за транспорт и врски донесе Одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за унапредување за именуваната.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**МИТКО ТРАЈЧУЛЕСКИ**

Доставено до:
- Именуваната;
- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Архива.

Изработил: Билјана Мојсовска Милеска
Проверил: Анита Војновска Наумовска


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk